**Барање 23-740/1 и Одговор 23-740/2 табела**

1. Дали вашата општина има воспоставено МОС со друга општина/и, во последните 3 години (2020, 2021 и 2022 година), ве молиме дополнете.
   - **Да**, во 2020 година остварени се вкупно _/_ соработки, во 2021 година остварени се вкупно _/_ соработки, во 2022 година остварени се вкупно _4_ соработки.
   - Не
   - Пополнете ги потребните информации од јавен карактерза последните 3 години (2020, 2021 и 2022 година) во врска со меѓуопштинската соработка во рамки на Северна Македонија, во следната табела:

| **Предмет на меѓуопштинска соработка <u>(опишана преку најзначајните активности и ангажирани лица од страна на општината)</u>** | **Датум на склучување на соработката** | **Датум на известување на МЛС за склучената соработка** | **Општината/и те со која/и е воспоставена меѓуопштинска соработка** | **Буџет за МОС во денари** | | **Период на траење за (од-до)**<br><br>*** наведете месец и година ММ/ГГ** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Вкупен буџет за МОС | Учество на централната власт во буџетот, доколку има | |
| Размена на искуства и остварување на заедничка стручна соработка на општинската администрација и ТППЕ,во делот на заштита и спасување на граѓаните и материјалните добра од природни непогоди и други несреќи и од последиците предизвикани од нив,противпожарна заштита и заштита на животната средина и природата | 12.05. 2022 | Одлуката бр.08-2127/20 за меѓуопштинска соработка е објавена во Сл.Гласник 10/22 од 01.04.2022 на Општина Кавадарци, а Договорот, преку Сл.Весник на РСМ | Општина Неготино | / | / | 12.05. 2022 -<br><br>се додека една од договорните страни по слободна волја не го раскине договорот, по претходно известување на една од страните во рок од 30 дена. |
| Користење на услуги од овластен проценувач за проценка на пазарната вредност на недвижен имот од страна на општината вршител (Општина Кавадарци ) за | 27.09. 2022 | Одлуката бр.08-4373/11 за формирање заедничка комисија за подготовка на акти за воспоставување меѓуопштинска соработка е објавена во Сл.Гласник 17/22 од | Општина Велес | / | / | 27.09. 2022- важност на договорот 2(две) години |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| пресметување предмети на данок на имот на територијата на општината корисник (Општина Велес) | | 14.07.2022 на Општина Кавадарци, а Договорот, преку Сл.Весник на РСМ | | | | |
| Вршење на определени работи од областа на управување со градежно земјиште во сопственост на РСМ, согласно Закон за градежно земјиште за потребите на Општина Росоман-(корисник) од страна на Општина Кавадарци (вршител ) | 06.10. 2022 | Одлуката бр.08-6019/25 за формирање заедничка комисија за подготовка на акти за воспоставување меѓуопштинска соработка е објавена во Сл.Гласник 22/22 од 30.09.2022 на Општина Кавадарци, а Договорот, преку Сл.Весник на РСМ | Општина Росоман | / | / | 06.10. 2022-важност на договорот 1(една) година |
| Унапредување и заштита на жените и децата жртви на родово базирано и семејно насилство, за воспоставување на Регионален советувалишен центар за помош и подршка на жени и деца жртви на родово базирано и семејно насилство во Вардарски регион. | 25.02. 2022 | Одлуката бр.08-821/9 за сопствено учество на Општина Кавадарци во реализација на проектот е објавена во Сл.Гласник 07/22 од 10.02.2022 година на Општина Кавадарци | Национална мрежа против насилство врз жените и семејно насилство, Здружение за родова еднаквост Визија, Општина Неготино, Општина Росоман, Општина Демир Капија | Од вкупната вредност на проектот во износ од 1.358. 000,00 ден. Општина Кавадарци учествува со буџет од 794.190,00 денари. | / | 25.02. 2022<br><br>Секоја од страните може да го раскине меморандумот со писмено известување до другата страна, 30 дена пред настапување на прекинот на важење на Меморандумот. |

1. На кој начин најчесто го обезбедувате буџетот за реализација на меѓуопштинската соработка
    - **a.** Со буџет на општината/ните
    - **b.** Со донации и спонзорства од физички и/или правни лица
    - **c.** Друг извори на приходи утврдени со закон (наведете кој)

**Немаме обезбедено буџет за реализација на погоренаведените меѓуопштински**

**соработки, поради тоа што не се појавува потреба за обезбедување на истиот.**

2. Дали за сите меѓуопштински соработки наведени во табелата имате потпишано официјален договор за соработка (ве молам пратете ни линк или доколку истиот не е објавен на вашата страна во тој случај доставете никопија (скен) од официјалниот документ).

**ДА, за сите меѓуопштински соработки наведени погоре имаме официјални договори, кои Ви ги испраќам во прилог.**

3. Дали ја оценувате/евалуирате меѓуопштинската соработка по нејзиното завршување, дали ги исполнила очекувањата? (ве молиме заокружете и доколку одговорот е ДА, доставете пример од документ за направена оценка)

Да
**Не**

4. Ве молиме наведете на кој начин централната власт ги поддржува/вала вашите меѓуопштински соработки?
   /
5. Како ја оценувате легислативата за меѓуопштинска соработка утврдена преку Законот за меѓуопштинска соработка и Законот за локална самоуправа?

   a. **Јасен, концизен и обврзувачки**
   b. Не доволно обврзувачки, не е јасно утврден и концизен
   c. Јасен и концизен но не и обврзувачки
   d. Воопшто не е јасен и обврзувачки

6. Дали доставувате податоци до Министерството за локална самоуправа за секоја воспоставена соработка согласно член 5 од Законот за меѓуопштинска соработка во рок од 30 дена од денот на воспоставената соработка?

   a. **Да, редовно се практикува**
   b. Не, до сега немаме доставено податоци
   c. За дел од соработките се доставени податоци до МЛС

**Секое решение и Одлука за воспоставена меѓуопштинска соработка е објавена во Сл.Гласник на Општина Кавадарци, а секој договор за меѓуопштинска соработка е објавен преку Сл.Весник на РСМ.**

7. Дали ги објавувате меѓуопштинските соработки:

a. на веб страните на општините
**b. во Службен весник**
c. на социјалните медиуми
d. друго

**Секое решение и Одлука за воспоставена меѓуопштинска соработка е објавена во Сл.Гласник на Општина Кавадарци, а секој договор за меѓуопштинска соработка е објавен преку Сл.Весник на РСМ.**

Пополнете ги потребните информации од јавен карактер за последните 2 години (2021 и 2022 година) во врска со **прекугранична** меѓуопштинска соработка со општините од прекуграничниот регион (Србија, Албанија, Бугарија, Грција и Косово), *во следната табела*:

| **Предмет на прекугранична меѓуопштинска соработка (опишана преку најзначајните активности и ангажирани лица од страна на општината)** | **Општината/ните со која/и е воспоставена меѓуопштинска соработка** | **Буџет за МОС во денари** | **Период на траење за (од-до) * наведете месец и година ММ/ГГ** |
|---|---|---|---|
| / | / | / | / |